РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 04-1574/2
03.02.2021 год.-viti.
Скопје - Shkup

Приватна агенција за вработување
КОНТАКТ БИЗНИС
Бр. 0307-168
03.02.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основ на член 18 од Договорот за јавна набавка на услуги „Избор на приватна агенција за вршење на привремени вработувања" број 04-2591/1 од 12.02.2020 година на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и број 0307-360 од 12.02.2020 година на Приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје, се склучува овој:

АНЕКС ДОГОВОР бр.1

Помеѓу:

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, ул. Аминта трети бр. 2, Скопје, Република Северна Македонија застапуван од Arjanit Hoxha, Министер (во понатамошниот текст **Работодавач-Корисник**) од една страна и

2. Приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје, ул. Антон Попов бр.41 а Скопје, со ЕДБ 4030006612076, ЕМБС 6162070, Жиро сметка и Депонент банка 210061620700127 НЛБ Банка Скопје, застапувана од управителот Ирена Стојковска, (во понатамошниот текст – **Вршител на услугата**) од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс кон Договорот за набавка на услуги „Избор на приватна агенција за вршење на привремени вработувања" бр. 04-2591/1 од 12.02.2020 година се регулираат измени и дополнувањата кои се однесуваат на вредноста на договорот.

Член 2

Член 3 став 2 од Основниот договор се менува и гласи:

"Максималната вредност на договорот изнесува 960.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно 1.132.800,00 денари со вклучен ДДВ, што претставува висина на надоместокот за услугата на приватната агенција за вработување."

Член 3

Сите останати одредби од договорот заведен под број 04-2591/1 од 12.02.2020 година во МЗШВ остануваат непроменети и понатаму важат.

Член 4

Овој анекс договор е склучен (составен) во 6 еднакви примероци, од кои 4 (четири) за Работодавачот-корисник и 2 (два) за Вршителот на услугата.

| | |
|---|---|
| РАБОТОДАВАЧ - КОРИСНИК<br>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Министер<br>Arjanit Hoxha | Вршител на услуга<br>ПАВ КОНТАКТ БИЗНИС Скопје<br><br>Управител<br>Ирена Стојковска |

Приватна агенција за вработување КОНТАКТ БИЗНИС Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
СКОПЈЕ - SHKUP